„Перото е подигнато (не запишува) за тројца: за оној што спие сè додека не се разбуди, за детето сè додека не достигне зрелост и за лудиот сè додека не се освести.“

Али, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Перото е подигнато (не запишува) за тројца: за оној што спие сè додека не се разбуди, за детето сè додека не достигне зрелост и за лудиот сè додека не се освести.“

[صحيح] [رواه أبو داود والترمذي والنسائي في الكبرى وابن ماجه وأحمد]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека шеријатската обврска (теклиф) важи за сите луѓе потомци на Адем, освен за тројца: Детето сè додека не порасне и не стане полнолетно. Лудиот, кој го загубил разумот, сè додека не му се врати. Оној што спие сè додека не се разбуди. За нив обврската е укината, па нивните гревови не им се запишуваат. Сепак, добрите дела на детето му се запишуваат, но не и на лудиот и тој што спие, бидејќи тие не се во состојба да извршуваат исправно ибадет поради недостаток на свест.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/58148